РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1223/1
13-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1953/1 од 19.06.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконско постапување на службеното лице ///, в.д. директорка на /// – ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК нема елементи за натамошно постапување а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за образование и наука.

Предметот со број 12-1953/1 од 19.06.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 19.06.2025 година, поднесена е пријава за службеното лице ///, в.д. директорка на /// – ///, и оформен е предмет број 12-1953/1 од 19.06.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконски ангажман на наставници на определено неполно работно време по наставни предмети со помал број на наставни односно работни часови, на кои, според наведеното во пријавата, во текот на септември 2024 година, без да бидат обезбедени согласности од Министерството за образование и наука и од Министерството за финансии, им биле зголемени наставните односно работните часови, по што наводно им се исплатува плата за полн фонд на наставни односно на работни часови.

Имено, според наведеното во пријавата,

- ///, наставник по /// за настава на /// јазик, вработена на определено неполно работно време со 16 наставни односно 32 работни часа, според распоредот на часови и според

платниот список, реализира 20 наставни односно 40 работни часа и е платена за цело работно време;
- ///, наставник по /// на /// наставен јазик, вработена како замена на определено неполно работно време со 10 наставни односно 20 работни часа, според распоредот на часови и според платниот список, реализира 20 наставни односно 40 работни часа и е платена за цело работно време;
- ///, наставник по ///, вработена на определено неполно работно време како замена за раководител за настава за 10 наставни часа или 20 работни часа, според распоредот на часови и според платниот список, реализира 20 наставни односно 40 работни часа и е платена за цело работно време;
- ///, наставник ///, вработена како замена за 10 наставни односно 20 работни часа, според распоредот на часови и според платниот список, реализира 20 наставни односно 40 работни часа и е платена за цело работно време;
- ///, наставник по ///, вработена како замена за наставник на неплатено отсуство од 3 месеци, продолжува да работи со 20 наставни односно 40 работни часа и по враќање на наставникот којшто го заменува.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барања за доставување податоци и информации до Државниот просветен инспекторат, до Министерството за образование и наука и до ///.

Од увидот во податоците и информациите доставени како одговор на Барањето на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
По примена претставка со наводи кои се истоветни со наводите од пријавата доставена до ДКСК, од страна на Државниот просветен инспекторат на ден 02.09.2025 година бил извршен вонреден инспекциски надзор над субјектот /// – ///.
Фактичката состојба утврдена при инспекцискиот надзор упатува на решенија донесени во октомври 2024 година, за зголемување на бројот на наставни часови на наставниците кои се посочени во пријавата доставена до ДКСК.
Во однос на наводите за незаконско работење на директорот на училиштето односно за ангажман на наставен кадар на определено неполно работно време по наставни предмети со помал број на наставни односно работни часови на кои во текот на септември 2024 година, без да бидат обезбедени согласности од Министерството за образование и наука и од Министерството за финансии им биле зголемени наставните односно работните часови по што наводно им се исплатува плата за полн фонд на наставни односно на работни часови, Државниот просветен инспектор не констатирал незаконитости во работењето на директорот на училиштето и не утврдил неправилности во работењето на субјектот на надзор.

Министерството за образование и наука ја извести ДКСК дека училиштето барањата за вработување на определено и неопределено работно време (по старо и ново финансирање) ги доставува до градоначалникот на општината/ градот Скопје, по што, по утврдување на нивната оправданост од страна на градоначалникот, истите се доставуваат до Министерството за образование и наука.
/// – /// со Барање од 22.07.2024 година преку /// до Министерството за образование и наука на 31.07.2024 година и на 19.08.2024 година доставило барање за вработување на 30 лица на определено работно време за наставен кадар. Министерството на 29.08.2024 година доставило известување до /// дека се обезбедени финансиски средства за вработување на 25 лица на определено работно време во учебната 2024/2025 година. Во доставеното известување била дадена согласност и за дел од лицата кои се посочени во пријавата, при што:

- за ///, наставник по ///, била дадена согласност за 16 наставни часа;
- за ///, наставник по /// (замена за помошник-директор), била дадена согласност за 10 наставни часа;
- за ///, наставник по ///, била дадена согласност за 20 наставни часа;
- за /// од страна на Министерството не била дадена согласност за вработување на определено време, следствено на тоа што училиштето воопшто не побарало согласност;
- за /// од страна на Министерството не била дадена согласност, бидејќи била побарана согласност за старо финансирање – замена на лице кое било именувано за директор во друга институција на кое функцијата му престанала, по што бил вратен на работната позиција.

/// – /// до ДКСК достави образложение за прераспоредувањето на наставните односно работните часови на ангажираните наставници во училиштето. Според доставеното образложение, поголемиот број на часови кои произлегуваат од формирање на повеќе паралелки по завршување на запишувањето на учениците во прва година, откако согласностите се веќе обезбедени, и за кои наводно не било обезбедено ново финансирање, биле распоредени на веќе ангажираните наставници, согласно членот 17 од Законот за наставници и стручни соработници. Истовремено, вишокот на наставни часови со Решение бил распореден на наставниците кои имаат пократко работно време од полното, согласно членот 21 од истиот Закон.
Од фактичката состојба утврдена врз основа на увидот во известувањето на Државниот просветен инспекторат, известувањето на Министерството за образование и наука и образложениeто на /// – ///, а во отсуство на документација за соодветно обезбедени финансиски средства за фактичките наставни часови зголемени врз основа на Решенија донесени во текот на октомври 2024 година, произлегува сомневање дека дел од

наставниците посочени во пријавата во текот на учебната 2024/2025 година изведувале настава во повеќе часови од бројот на часови за кои училиштето добило согласност од Министерството за образование и наука, и дека за двајца наставници кои во текот на учебната 2024/2025 година изведувале настава Министерството за образование и наука немало дадено согласност.

Според членот 21 од Законот за наставници и стручни соработници,
*(1) При промени во обемот на работата во јавното училиште што се јавуваат поради промени во плановите и програмите, организацијата на работа, бројот на паралелки и други промени, работниот однос на наставникот се променува од работен однос на неопределено време со полно работно време во работен однос на неопределено време пократко од полното работно време и обратно.*
*(2) Директорот е должен во случаите од ставот (1) на овој член, со наставникот да склучи нов договор за работа, во рок од седум дена од денот на настанувањето на промените од ставот (1) на овој член.*

ДКСК има предвид дека Државниот просветен инспектор при вонредниот инспекциски надзор извршен на 02.09.2025 година не констатирал незаконитости во работењето на директорот на училиштето и не утврдил неправилности во работењето на /// – /// во однос на пријавените наводи. Истовремено, ДКСК има предвид дека целокупно утврдената фактичка состојба упатува на сомневање за изведување на настава без добиена согласност од Министерството за образование и наука.

Имајќи го предвид образложението на /// – /// кое упатува на одредбите од членот 17 и од членот 21 од Законот за наставници и стручни соработници, над чие спроведување, според членот 67 од овој Закон, надзор врши Министерството за образование и наука, ДКСК предметот ќе го достави на натамошно надлежно постапување на Министерството за образование и наука.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК